Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија
тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04 -4143/11
од 14-05-2025 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 и став 5 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Секретарот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 08/2025

1.За извршител на работно место - Виш соработник за административни стручни работи од областа на образованието одделение за образование, Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура – 1 извршител, со шифра на работно место УПР 01 01 В02 000, се избира кандидатот Сара Ѓорѓиевска.

2.Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од Точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-4143/7 од 06.05.2025 година, а во врска со Интерен оглас бр.08/2025 за работното место Виш соработник за административни стручни работи од областа на образованието одделение за образование, Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура– 1 извршител, изготви Записник од административната селекција бр.04-4143/8 од 13.05.2025 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-4143/9 од 13.05.2025 година. Согласно Записник од административната селекција бр.04-41443/8 на огласот единствен пријавен кандидат е Сара Ѓорѓиевска. Согласно Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-4143/9 Комисијата изготви финална ранг листа на

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија
тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

интервјуираните кандидати со предлог Одлука за избор на прво рангираниот кандидат. Врз основа на приложената документација, а согласно член 52 став 1 од Закон за административни службеници се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

Изработил
Милена Ѓоргиевска

Контролирал/Одобрил
Раководител на Сектор
Николче Грозданоски

СЕКРЕТАР
на Општина Кисела Вода
м-р Мирко Ивановски

Доставено до:
- Именуваната
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива